**1721.**

Врз основа на член 33 став (5) од Законот за консолидација на земјоделско земјиште ("Службен весник на Република Македонија" бр.187/13), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

**ПРАВИЛНИК**
**ЗА НАЧИНОТ НА ДАВАЊЕ НА СОВЕТОДАВНА ПОМОШ И НАЧИНОТ НА ПОСРЕДУВАЊЕ КАКО И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА КОНСОЛИДАЦИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКОТО ЗЕМЈИШТЕ СО РАЗМЕНА И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на давање на советодавна помош и начинот на посредување како и формата и содржината на образецот на барањето за консолидација на земјоделското земјиште со размена и потребната документација.

Член 2

(1) Начинот на давање на советодавна помош се состои од посредување:

- меѓу учесниците во постапката за консолидација на земјоделското земјиште со размена за постигнувањето правична спогодба за размена на земјоделското земјиште,
- со Агенцијата за катастар на недвижности во поглед на обезбедување на катастарски податоци (имотен лист, скици од катастарските парцели) и запишување во јавната книга на недвижности,
- со единиците на локалната самоуправа во поглед на обезбедување на документација за учесниците во постапката за консолидација на земјоделското земјиште со размена за платени даноци на имот или за висина на износ на неплатени даноци на имот и за висина на административна такса за размена,
- со Управата за јавни приходи при обезбедување на документација за платени даноци на учесниците во постапката за консолидација на земјоделското земјиште со размена ( даноци на имот и персонален данок на доход) и
- при потпишување на договор за размена со нотар /адвокат.

(2) Посредувањето од став (1) овој член се врши преку непосредни контакти на претставници на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство со учесниците во постапката за консолидација на земјоделското земјиште со размена, Агенцијата за катастар на недвижности, единиците на локалната самоуправа, Управата за јавни приходи и ангажираните нотари/адвокати.

Член 3

(1) Барањето за консолидација на земјоделско земјиште со размена и потребната документација се поднесува во два еднообразни примерока во писмена форма.

(2) Образецот на барањето од став 1 на член се печати на хартија со бела боја на А4 формат и ги содржи следните елементи:

- називот на органот кој ја спроведува постапката за консолидација на земјоделско земјиште со размена,
- назив на образецот,
- податоци за физичките или правни лица подносители на барањето (име и презиме, ЕМБГ/ЕДБР, адреса, назив и седиште),
- катастарски индикации за земјоделското земјиште,
- место и датум на поднесување на барањето и
- потпис на барателите.

(3) Формата и содржината на образецот на барањето за консолидација на земјоделското земјиште со размена се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Кон барањето од член 3 на овој правилник се приложува и следната документација:

- копии од важечки лични карти или патни исправи за физички лица или-Решение со тековна состојба издадено од Централниот регистар на Република Македонија не постаро од еден месец за правни лица,
- докази за сопственост и местоположба на земјоделското земјиште предмет на постапката и
- имотни листови и копија од катастарски план за земјоделското земјиште предмет на постапката.

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр.31-2940/1 | Министер за земјоделство, |
| 18 март 2014 година | шумарство и водостопанство, |
| Скопје | **Љупчо Димовски,** с.р. |

Прилог

**ДО**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО,**
**ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**
Сектор за консолидација на земјоделско земјиште, размена и идентификација на земјишни парцели

**БАРАЊЕ**
**за отпочнување на постапка за консолидација на земјоделско земјиште со размена**

Од
_______________________________________________
Со стан /седиште на улица ______________________________
Место _______________ Телефон _______________ Мобилен_______

Бараме согласно член 33,34 и 35 од Закон за консолидација на земјоделско земјиште, да се спроведе постапка за консолидација на земјоделско земјиште со размена.

Земјоделското земјиште над кое треба да се спроведе постапка за консолидација е со следните катастарски индикации:

| Р. бр | КАТАСТАРСКА ОПШТИНА | место викано | И.Л | К.П. бр | култура | К. К | ПОВРШИНА | | | сопственост |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | ха | ар | м2 | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| Се вкупно: | | | | | | | | | | |

Барањето за консолидација на земјоделско земјиште со размена и потребната документација се поднесува согласно член 33 став (5) од Законот за земјоделско земјиште ("Службен весник на Република Македонија" бр.187/13).

Во прилог кон барањето се доставува бараната документација.

**БАРАТЕЛИ**

_____________________
**Датум и место**

1. _____________________
2. _____________________
3. _____________________
4. _____________________
5. _____________________
6. _____________________
7. _____________________
8. _____________________
9. _____________________
10. _____________________